**Врз основа на член 456 точка 5 од ЗТД Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп до Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп доставува**

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02 - 508/1
Прилеп 10.03.2020 год.

**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ГОЛЕМА ЗДЕЛКА**

**Тутунски комбинат АД Прилеп заради реализирање на откупот на тутун од индивидуалните коопeранти од реколта 2019 година обезбеди кредит од Комерцијална банка АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје преку Договор за синдициран кредит во износ од 601.000.000,00 денари.**

**Во врска со Договорот за синдициран кредит со одлука на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп одржано на ден 10.11.2017г. одобрено е кредитно задолжување и заложување (голема зделка) кон погоренаведените банки и на Собрание на акцинери одржано на ден 28.06.2019г. пролонгиран е рокот на Договорите за рамковните кредити со Комерцијална банка АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје до 30.09.2024г.**

**Согласно синдицираниот кредит Тутунски комбинат АД Прилеп како корисник на кредитот, задолжен е да воспостави залог на суров тутун од берба 2019г. во корист на погоренаведените банки на износ од 604.739.916,35,00 денари кој залог на тутун е поврзана зделка со Договорот за синдициран кредит на износ од 601.000.000,00 ден. склучен на 06.11.2019 година заведен во НЛБ Банка АД Скопје под деловоден број 0902-784 од 06.11.2019 година и кај Комерцијална Банка АД Скопје под деловоден број 08-2102-2/272 односно во врска со Договорот за рамковен револвинг кредит лимит бр. 0902-759 од 01.11.2017 год и Анекс бр. 1 кон Договорот за рамковен револвинг кредит лимит бр. 0902-684 од 30.09.2019 год склучен со НЛБ Банка АД Скопје и Договорот за рамковен револвинг кредит лимит бр. 08-2102-2/277 од 14.11.2017 год и Анекс бр. 1 кон Договорот за рамковен револвинг кредит лимит бр. 08-2102-2/218 24.09.2019 год склучен со Комерцијална Банка АД Скопје и како поврзани зделки претставуваат зделка од голема вредност –над 50% согласно последната ревидирана завршна сметка и според одредбите на ЗТД и одредбите на Статутот на ТК АД Прилеп оваа зделка потпаѓа под правилата за одобрување на голема зделка, како следи:**

| Класа | Цена | Откупен тутун (кг) | Број на бали | Вкупна вредност во МКД |
|---|---|---|---|---|
| I/I | 280 | 825.359,37 | 55.660 | 231.100.623,6 |
| I/II | 200 | 1.732.527,97 | 111.555 | 346.505.594,0 |
| I/III | 150 | 178.603,86 | 12.372 | 26.790.579,0 |
| I/IV | 75 | 4.574,93 | 428 | 343.119,75 |
| II/I | 85 | 0 | 0 | 0 |
| II/II | 64 | 0 | 0 | 0 |
| Мувла | 14 | 0 | 0 | 0 |
| | Вкупно | 2.741.066,13 | | |
| | Просечна цена | 220,62 | | |
| | Процент кало | 5,10 | | |
| | | | Вкупно: | 604.739.916,35 |

**Предвид на горното Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп препорачува Собранието на акционери да ја одобри оваа зделка која е во согласност со обврските на Тутунските комбинат АД Прилеп од синдицираниот кредит, но притоа потенцирајќи согласно одредбите од ЗТД, за правото на акционерите да не се согласат со предложената голема зделка.**

**За Тутунски комбинат АД Прилеп**
**Генерален извршен директор**
**Кире Станкоски**

Тутунски комбинат
Прилеп